200411

pres-kliping • press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
20 IX

ПО ИСЧЕЗНУВАЊЕТО НА ПИКАСОВАТА „ГЛАВА НА ЖЕНА" ОД МСУ

# ИСТРАГАТА МОЛЧИ

И три дена по кражбата во Музејот на современата уметност во Скопје, нема нови моменти во истрагата околу исчезнатото дело на Пабло Пикасо „Глава на жена". Всушност истрагата, за која се најавува дека е мошне обемна и широка, сè уште молчи. Кога вчера се интересиравме во УВР—Скопје ни беше речено дека, во интерес на истрагата, сè уште ништо не може да се соопшти.

И директорот на Музејот за современа уметност Борис Петковски вчера не беше во состојба да ни даде нови вести:

**— Знам само дека истрагата е во тек. Доколку му е влезено во трага на крадецот, истражните органи веројатно тоа го чуваат за себе во интерес на истрагата.**

Според зборовите на Петковски сликата на Пикасо исчезнала заедно со рамката од едно од најистакнатите места во изложбените простории и покрај тоа што во секое време во Музејот има барем по еден дежурен службеник и чувар. Како што е познато делото „Глава на жена" славниот уметник му го подари на скопскиот Партенон, како што мнозина го наречуваат Музејот на Кале, 1965 година. Притоа делото беше проценето на 250.000 динари и на таа сума е осигурено во Заводот за осигурување на имоти и лица „Македонија".